**20110611648**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1а точка 8 и став 1-в точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010 и 156/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 18.03.2011 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 102/07, 104/07, 151/07, 22/08, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010 и 171/2010), во член 1, во табелата се вршат следните измени и дополнувања:

Кај АТС кодот A02BA02 - „(+)Ranitidine - Инјекции 50 mg/2ml“ , во колоната 7 - „Режим на препишување“, ознаката „R” се заменува со ознаката „*”.

По АТС кодот B05XA02 се додава следната табела:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| B05XA03 | Sodium chloride | - | P | Раствор за инјектирање(инфузија) | 0,9% (100ml,500ml, 1000ml) | * |

Кај АТС кодот C01AA05- „(+)Digoxin – Инјекции 0,25 mg/ml“, во колоната 6 - „Јачина“ -„0,25mg/ml“ се заменува со „0,25mg/2ml“.

Кај АТС кодот G02AB01 - „(+)Methylergometrine - Инјекции 0,20 mg/ml“, во колоната 7 - „Режим на препишување“, ознаката „RS” се заменува со ознаката „*”.

Кај АТС кодот G03HA01- „Cyproterone –Таблети 50 mg“ како објаснување се додава следниот текст: „RS-специјалист интернист-ендокринолог, уролог“.

Кај генеричкото име „(+)Methylprednisolone succinate sodium-инјекции CPJ “ , во колоната 1 - „АТС код“ , АТС кодот „H02BX01“се заменува со АТС кодот „H02AB04“, во колоната 2 –“Генеричко име-INN”, „(+)Methylprednisolone succinate sodium” се заменува со „(+)Methylprednisolone” , а во колоната 6 –„Јачина”- ознаката „CPJ” се заменува со „500 mg”

Кај АТС кодот J01FF02 - „Lincomycin – Капсули 500mg “, „(+)Lincomycin – Инјекции 300mg/ml “ и „ (+)Lincomycin – Инјекции 600mg/2ml“, во колоната 2 –“Генеричко име-INN”, после „ Lincomycin ” се брише ознаката (**). Кај овој АТС код се брише и објаснувањето „ **Индикации: Инфекции на коскено ткиво“.

Кај АТС кодот J06BB01 - „AntiD(Rho) Immunoglobulin - Инјекции 200 mcg/ml“ и „AntiD(Rho) Immunoglobulin - Инјекции 300 mcg/2ml“ во колоната 2 –“Генеричко име-INN”, пред „AntiD(Rho) Immunoglobulin” се додава ознаката (+), додека во колоната 7 - „Режим на препишување“, ознаката „RS” се заменува со ознаката „*”.

Кај АТС кодот N01BB52 - „Lidocain+Adrenaline - Инјекции (40+0,025)mg/2ml“ и „ Lidocain+Adrenaline - Инјекции (40+0,05) mg/ml“, во колоната 2 –“Генеричко име-INN”,

пред „ Lidocain+Adrenaline” се додава ознаката (+), додека во колоната 7 - „Режим на препишување“, ознаката „R,D” се заменува со ознаката „*”.

Кај генеричкото име „Morphine-Таблети/Капсули/Гранули СРЈ “, во колоната 1 - „АТС код“, АТС кодот „N02AA02“ се заменува со АТС кодот „ N02AA01 “.

Кај АТС кодот N03AA02 - „Phenobarbital - Инјекции 220 mg “ и „ Phenobarbital - Инјекции 200 mg/ml“, во колоната 2 –“Генеричко име-INN”, пред „ Phenobarbital” се додава ознаката (+), додека во колоната 7 - „Режим на препишување“, ознаката „RS” се заменува со ознаката „*”.

Кај АТС кодот N04AA02 - „Biperiden- Инјекции 5mg/ml “, во колоната 2–“Генеричко име-INN”, пред „ Biperiden” се додава ознаката (+), додека во колоната 7 - „Режим на препишување“, ознаката „RS” се заменува со ознаката „*”.

Кај генеричкото име „Beclometasone-Назален спреј 50mcg/doza “ , во колоната 1 - „АТС код“,АТС кодот „R03BA01“се заменува со АТС кодот „R01AD01“.

Кај генеричкото име „Budesonide-Назален спреј 50mcg/doza “ и „Budesonide-назален спреј 100mcg/doza “, во колоната 1 - „АТС код“, АТС кодот „R03BA02“се заменува со АТС кодот „R01AD05“.

Кај генеричкото име „Fluticasone-Назален спреј 50mcg/doza “, во колоната 1 - „АТС код“, АТС кодот „R03BA08“ со се заменува АТС кодот „R01AD08“.

Кај АТС кодовите : R03BA01 - „Beclometasone-Аеросол 50mcg/doza “, R03BA02 - „Budesonide-Аеросол 50mcg/doza“ и „Budesonide-Аеросол 200mcg/doza “, R03BA05 - „Fluticasone-Аеросол 50mcg/doza “ и „Fluticasone-Аеросол 125mcg/doza “, во објаснувањето по зборовите: „RS- По препорака на: лекар специјалист интернист, педијатар“, се додава запирка и зборот „пнеумофтизиолог“.

Кај генеричките имиња: „Beclometasone-Назален спреј 50mcg/doza“, „Budesonide-Назален спреј 50mcg/doza“, „Budesonide-Назален спреј 100mcg/doza “, „Fluticasone-Назален спреј 50mcg/doza“, во објаснувањето по зборовите: „RS- По препорака на: лекар специјалист интернист, педијатар“, се додава запирка и зборовите „пнеумофтизиолог и ОРЛ“.

По АТС кодот R03AK06 се додава следната табела:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| R03AK06 | Salmeterol,fluticasone** | - | Inh | Прашок за инхалирање | 50mcg+100mcg | RSS |

Кај АТС кодот V07A- „Препарат без глутен-брашно, млеко kg “ , во колоната 2 – “Генеричко име-INN”, после „Препарат без глутен” се додава ознаката „*“. Како објаснување за овој АТС код се додава „*Индикации: целијакија”.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 - 3846/4
18 март 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ирфан Хоџа,** с.р.